

**РАЗВИВАЈ ГИ СВОИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ**

Секторот за финансиско управување го зајакнува својот тим на успешни професионалци и нуди можност за работење во Служба за стратешко планирање и финансиски контролинг.

Доколку имаш желба и амбиција да се приклучиш на тимот и заедно да ги споделуваме предизвиците на работењето во сегментот на работа со стратешко планирање и финансиски контролинг, те мотивираме да се пријавиш на отворената работна позиција:

# Аналитичар во Сектор за финансиско управување

**Улога во тимот:**

- Учество во подготовка на стратешки и деловен план на Банката;
- Дефинирање на продажни оперативни планови;
- Следење на исполнување на планот, анализа на причините за отстапки во планот и подготовка на извештаи;
- Анализа и следење на профитабилноста на пазарните сегменти и продукти на Банката;
- Анализа и следење продуктивноста на продажните канали на Банката.

**Твојот профил:**

- Универзитетско образование;
- Претходно работно искуство во финансиски и сродни индустрии во сегментот на стратешко планирање и финансиски контролинг ќе се смета за предност;
- Познавање од областа на управување со податоци во финансиски менаџмент;
- Познавање на работа со бази на податоци, power query и Power BI алатка;
- Познавање на методи на анализа на податоци;
- Одлично познавање на MS Office - MS Excel и MS PowerPoint;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Изразени организациски, комуникациски и тимски способности, ангажираност, иницијатива, темелен пристап кон работата и спремност за промени.

**Твој мотив да ни се придружиш:**

- Препознатлив регионален бренд и современо работно опкружување;
- Меѓусебната доверба и грижа за другиот се основни начела во работењето;
- Напредна обука и индивидуален кариерен развој; менторство од врвни банкарски експерти;
- Позитивна организациска култура базирана на флексибилно работно време и слободни денови за различни пригоди;
- Континуирано учество во групациски корпоративни проекти;
- Конкурентен пакет на плата и надоместоци (вклучително приватно здравствено осигурување и трет пензиски фонд).

Потврди го твојот интерес со доставување на мотивациско писмо во кое ќе ги образложиш амбициите, мотивите и начините на придонес на наведеното работно место како и кратка биографија (CV) најдоцна до **12.08.2024** на NLBKariera@nlb.mk со назнака за **Аналитичар во Сектор за финансиско управување.**

**Само кандидатите кои ги исполнуваат основните критериуми ќе бидат контактирани за интервју.**

NLB Banka